РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-190/1
13-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата бр. 12-1659/1 од 30.05.2025 година, против Управата за имотно-правни работи – Подрачно одделение за првостепена постапка во ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со идентични наводи.

Предметот со бр. 12-1659/1 од 30.05.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 30.05.2025 година, поднесена е пријава против Управата за имотно-правни работи – Подрачно одделение за првостепена постапка во ---- (понатаму: Управа) и оформен е предмет бр. 12-1659/1 од 30.05.2025 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во пријавата се наведува дека субјектот на пријавата повеќе од 11 години не постапувал по предметот за приватизација заведен под бр. ---- од 15.12.2014 година на ----, со што непосредно го блокирале подносителот во постапка за откуп на дворно место, иако имал објект со утврдено право на сопственост кој се наоѓал на КП бр. ----за КО ----.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по слични наводи како од посочената пријава, во предмет со бр. 12-----/1 од ----.2023 година, по кој предмет на -----та седницата на ДКСК, одржана на ----.2024 година, ДКСК констатира дека по пријавените наводи веќе постапувале други надлежни органи и дека немало елементи за понатамошно постапување, по што донесена е одлука да се запре постапката.

Од сето погоре наведено, ДКСК оцени дека пријавата нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со идентични наводи при чие постапување се исцрпени законските надлежности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

**Доставено до:**
**-Подносител на пријава**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk